**101 ПРИЧИНА ЗОШТО ВЕРУВАМ ДЕКА ИСУС Е ЕДИНСТВЕНИОТ ВИСТИНСКИ БОГ**

1. "Дури и најнепопустливите критичари на Исус ќе кажат дека никој досега не живеел толку чист живот како Исус" - Р. Захариус

2. "Ги познавам луѓето; и ви велам дека Исус не е обичен човек." - Наполеон Бонапарта

3. "Тогаш Марија му рече на ангелот, Како е можно тоа кога јас не знам за маж."

4. "Предадов невина крв." - Јуда Искариотски

5. "Не наоѓам вина во овој човек." - Понтиј Пилат

6. "Кој од вас ме обвинува за грев?" - Исус

7. "Тој воскресна, онака како што кажа." - Ангел кај Исусовиот гроб

8. "Запаметете дека Исус Христос од Давидовиот род, беше воскреснат од мртвите." - Апостол Павле

9. "Јас Сум Првиот и Последниот и Живиот, и умрев, и ете, Жив Сум во сите векови" - Исус

10. Мртвите луѓе не јадат риба - (Јован 21)

11. Месијата претскажан од пророците дека ќе потекне од Давидовиот род, требаше да дојде пред уништувањето на Израелскиот храм во седумдесетата година од нашата ера кога беа уништени сите родословски записи.

12. Ниеден лажен Месија не тврдел дека го исполнува Законот.

13. Според законите на веројатноста, можноста еден човек да исполнува повеќе од 300 месијански пророштва е астрономска (буквално, трилион на трилион)

14. Беше претскажано дека Месијата треба да дојде од Витлеем, Египет и Назарет.

15. "Почна од Мојсеј и од сите пророци, и им објасни што е пишано за Него во Писмото." (Лука 24:27)

16. "Но, Бог на тој начин го исполни она што го навестуваше однапред, преку устата на сите пророци: дека Неговиот Христос ќе пострада." (Дела 3:18)

17. Даниел претскажа дека ќе поминат 483 години од датата кога Ерусалим бил наново изграден па до датата кога Исус ќе влезе во Ерусалим. Ова беше точно исполнето до самиот ден.

18. "Уникатен помеѓу оние кои решаваат проблеми од криминален карактер е, оној кому му е поважен идентитетот на осудениот, а не неговото дело." - И. Линтон

19. "Тврдењето дека Исус е единствениот начин за спасение е или точно или погрешно. Ова може да биде одредено само врз основа на докази." - Ј. Анкерберг и Ј. Велдон

20. “После шест години поминати во непристрасно истражување на Христијанството, неговата вистинитост или невистинитост, дојдов до конечен заклучок дека Исус Христос беше Месијата.” - Л. Велс

21. “Човек кој го чита Новиот Завет и не гледа дека Христос тврди дека е повеќе од човек, е како оној што го набљудува небото рано напладне, кога е без облаци, и не го гледа сонцето.” - В. Е. Бидерволф

22. “Хуманистичото мислење дека Исус беше морално исправен но религиски погрешен, се спротиставува на сите психолошка логика.” - Ф. Р. Бери

23. “Со сигурност постојат длабоки и темелни историски основи за најоспоруваната реченица во Апостолските записи- “И на третиот ден, Тој воскресна” - Ф. Морисон

24. “Отсега ви зборувам, пред да се збидне, за да поверувате - кога ќе се случи - дека Јас Сум..” - Исус

25. “Симон Петар одговори и рече, “Ти Си Исус, Синот на живиот Бог.”

26. Исус ги исцелуваше слепите, сакатите, лепрозните, глувите, воскреснуваше мртви, ја проповедаше добрата вест на сиромасите како што и пророкот Исаија запиша дека ќе биде.

27. “Зашто ако не поверувате дека Јас Сум, ќе умрете во своите гревови.” - Исус

28. Исус ги простуваше гревовите, не судеше против нив.

29. “Затоа Евреите уште повеќе сакаа да Го убијат... и затоа што Бог Го наречуваше Свој Татко, изедначувајќи се со Бог.” (Јован 5:18).

30. “А Исус му рече (на Сатаната): А напишано е “Не искушувај Го Господ, Твојот Бог!” (Матеј 4:7).

31. А Исус му рече: „Зошто Ме наречуваш добар! Никој не е добар освен Единиот Бог.

32. ЈАХВЕ на грчки е преведено како КИРИОС, и се употребува за Исус во Новиот Завет.

33. “Очекувајќи ја блажената надеж и јавувањето на славата на нашиот велик Бог и Спасител, Исус Христос.” (Тит 2:13).

34. Исаија вели дека постои само еден Бог, а сепак ги нарекува и Исус, и Јахве “Семоќен Бог.” (Исаија 44:6-8, Исаија 45:5, Исаија 10:21, Исаија 9:6)

35. “Срушете го овој храм и јас ќе го изградам за три дена.” Исус кој воскресна од мртвите.

36. “Зошто во Него, во телесен облик, живее сета полнота на Божеството.” (Колосјани 2:9 )

37. “Во почетокот беше Зборот, и Зборот беше со Бог, и Зборот беше Бог.” (Јован 1:1)

38. “Навистина овој човек беше Божјиот Син.” - Римски војник

39. “Делата кои ги правам, сведочат за Мене, дека ме испрати Таткото.” - Исус

40. “Неговата надворешна обука за поучување беше минимална (во однос на образование, истражување, патување, и др.), но Неговите зборови беа секогаш соодветни за пригодата. Никој не знаеше од каде ги знае тие зборови, и Тој никогаш не требаше да ги повлекува или да се извинува за нешто што рекол.” - Х. М. Морис

41. Исус морал да биде или лудак, лажец, легенда или Бог. Првите три можности се невозможни, земајќи го во предвид Неговиот живот.

42. И, навистина, голема е тајната на побожноста: Бог се јави во плот, посведочен веше од Духот, се покажа на ангелите, беше проповедан на народите, светот Му поверува, и се воснесе во слава. (1 Тимотеј 3:16)

43. Како може Исус и Јахве да бидат еднакво и истовремено семоќни?

44. Исус се објави најмалку 15 пати на над 500 очевидци во периодот помеѓу неговото воскресение и вознесување.

45. Исусовото постоење, времето во кое живеел, Неговите чуда, многуте следбеници кои умирале заради Неговото Име, сето ова е документирано од неколку рани историчари како Корнелие, Такит, Јозеф, Сутонис, Пилни Помладиот, Вавилонскиот Талмуд и други.

46. “Над цел свет се надвисна најстрашна темнина, камењата беа раздробени од земјотрес, и многу места во Јудеја и други области беа срушени.” - Талус 52 од н.е

47. “Тој им се објави повторно жив на третиот ден, како што претскажа прекрасното пророштво...” - Јозефус

48. “... Христос беше егзекутиран за време на владеењето на Тибериј...” - Тацит

49. “... Беше распнат на пасхалната ноќ” - Вавилонскиот Талмуд

50. Што би рекол некој за илјадниците променети животи на луѓе , претходно посветени на Јудизмот?

51. Што би рекол некој за брзината со која Христијанството се проширило низ Азија и Медитеранот, за време од половина век?

52. “Исто така, знаеме дека Божјиот Син дојде и ни даде разбирање, за да Го познаеме Вистинскиот, а ние сме во Вистинскиот, во Неговиот Син Исус Христос, Тој е Вистинскиот Бог и вечен живот.” (1 Јованово 5:20)

53. “Лука е историчар од највисок ранг...” - Г-дин В. Рамзи

54. Ниту еден археолошки пронајдок не е контрадикторен на автентичноста на историските податоци во Новиот Завет.

55. На кутија направена од варовник, која датира од 63 год. од нашата ера на Арамејски е запишано, “Јаков, син на Јосиф, брат на Исус”

56. На камена плоча која датира од првиот век, има Латински запис кој вели “Тиберјанец

Понтиј Пилат, Префект на Јудеја"

57. Во првиот век во Ерусалим е откриена жртва на распнување. Неговите раце и нозе биле прободени со седум- инчни клинци. И двете нозе му биле скршени. (Псалм 22, Матеј 27, Марко 15, Лука 23, Јован 19)

58. На неколку гробници кои датираат од 40-50 год. од нашата ера, има запишано молитиви до Исус како Бог.

59. "Светските религии не содржат нешто што е добро и вистинито, а не може да се најде во Христијанството...Исламот има деведесет и девет имиња за Бог, но ниту едно од нив не е Татко. Хиндуизмот може да нуди немоќ за простување и кршење на цврстото сфаќање на кармата. Махариш не може да дојде и да живее во неговите ученици." - М. Грин

60. Најдобрите одговори на прашањата поврзани со животот, судбината, значењето и моралот се наоѓаат во Исус.

61. Хуманистичките критичари кои нудат натуралистички теории за воскресението, одбегнуваат да ги користат во јавните дебати поради страв од бројни прекори, кои ќе ги стават во незгодна положба.

62. Раната црква никогаш не би пораснала толку, доколку била заснована на лага. Таа би исчезнала, но тоа никогаш не се случи.

63. Двата најстари обреди на раната црква, крштевањето и причеста, и двата ја симболизираат Исусовата смрт и воскресение.

64. Ако Исус не воскреснал, како тогаш Римјаните не успеале да го пронајдат Неговото мртво тело?

65. "Моралот кој Исус го проповедаше и живееше беше од најдобротоворен вид... не беше надминат од никого." - Т. Пејн

66. "Ниеден сериозен научник не се осмелил да изнесе став за не-историчноста на Исус." - О. Бетс

67. "Христијаните кои ги познавате, слават човек до денес--- истакнататата личност која ги воведе во новите ритуали, и беше распната за сметка на тоа..." Лусијан, грчки сатиричар од вториот век

68. "Каква придобивка имаа Евреите од тоа што го убија нивниот мудар Цар? Веднаш после тоа, нивното кралство беше укинато." - Мар Бар- Серапион, сириски филозоф 70 год. од нашата ера

69. "... Исус Христос беше испратен од Бог." - Клемент од Рим

70. "Исус Христос Кој беше од родот на Давид, Кој беше Син на Марија, Кој беше вистински роден, јадеше и пиеше, беше навистина распнат и и умре пред очите на оние во небото, на земјата и под земјата; Кој навистина беше воскреснат од мртвите од Својот Татко, исто така ќе не воскресне и нас кои веруваме во Него." - Игнат

71. "... откако Исус беше распнат, дури сите Негови познаници го оставија... потоа откако воскресна од мртвите..." - Џастин Мартир

72. "Ако Исус не беше Бог, тогаш заслужува оскар." - Џ. Мекдовел

73. "Христос е единствениот религиозен лидер кој некогаш тврдел дека е божество, и единствениот индивидуалец кој увери огромен дел од светот дека Тој е Бог." - Т. Шулц

74. ... светската историја потврдува дека Исус живеел на земјата и дека бил прославуван како Бог.

75. Тој основал црква која го слави 1900 години.

76. Тој го смени правецот на светската историја." - В. Робинсон

77. "Тој никогаш не се двоумел ниту се извинил. Тој немал потреба да оди контрадикторно на она што сакал да го каже, ниту го отповикувал или изменувал. Тој ги зборуваше недвосмислените Божји Зборови." - К. Шефран и Х. Креслер

78. "Дали таквиот интелект--- јасен како небото, чист како планинскиот воздух, остар и продорен како меч, целосно здрав и бодар, секогаш спремен и полн со самодоверба--- е подложен на радикални и најзериозни заблуди, се неговиот карактер и мисија? Апсурдна замисла!" - П. Шаф

79. "Без Исусовото воскресение, не би постоела Христијанската вера. Исусовите ученици би останале скршени и поразени." - В. Л. Крег

80. "Најверојатно трансформацијата на Исусовите ученици е најдобриот доказ за воскресението." - Ј. Скот

81. Исус беше зачнат од Бог и роден од девица. (Јн. 1:14, 3:16, Ис.7:14)

82. "Тоа што Галилеецот кој тврдеше дека е Светлината на светот, и сеуште е сметан за тоа после толку векови, е најдобро објаснето на темелот на Неговото божество." - Б. Рам

83. "Можеби некој би живеел за лага, но некој да мисли дека илјадници ќе умрат за таа иста лага, навистина му е потребна голема имагинација." - Н. Гејслер и П. Хофман

84. "Дали овие луѓе кои помогнале да се трансформира моралната структура на општеството, се лажливци или растроени лудаци? Потешко е да се верува во овие алтернативи отколку вофактот за воскресението, а не постојат ни трошка докази за тоа." П.Е. Литл

85. "Полубратот на Исус, Јаков, не веруваше во Него се до воскресението. Јаков подоцна стана официјален лидер на Ерусалимската црква, и беше убиен поради неговата вера.

86. "Синот на мајмунот е мајмун. Синот на кучето е куче... Синот на Бог е Бог." - П. Крефт

87. Исус ги менуваше имињата на луѓето. Евреите веруваа дека тоа може и смее да го прави само Бог.

88. "Невозможно е Исус да беше само добар човек... Човек кој тврди дека е Бог, а не е, не може да биде наречен добар човек." - П. Крефт

89. Синоптичките евангелија имаат доволно несофпаѓања колку што е потребно за тоа да

ги направи веродостојни. Авторите немале меѓсебен договор да создадат приказна.

90. Исус никогаш нема цитат кој вели, “Вака зборува Господ..”, Тој вели, “Јас ви велам..”

91. “Ако Исус не е Бог, тогаш зошто оваа лага ги прави луѓето подобри луѓе отколку било која друга вистина би ги направила?” - П. Крефт

92. Исус го нарече Јован Крстителот, “најголемиот човек што некогаш живеел”. Што кажува тоа за Исус, ако Јован беше Негов слуга?

93. Кога Исус зборуваше со Бог, се обраќаше со “Аба Татко”. Која личност може да ги смени термините за обраќање кон Бог?

94. Ако Исус беше будала, тогаш како одеше по вода?

95. “Писателите на Евангелијата доследно запишувале што се случувало дури и кога тоа било засрамувачки.” - В. Л. Крег

96. Апостолот Павле наеднаш стана водечки протагонист на верата која се трудеше да ја уништи.

97. “... Еврејскиот Талмуд.. ниту еднаш не го изнесува тврдењето дека исполнувањето на пророштвата било фалсификувано. Ниту еднаш.” Л. Лапидес

98. Ако Исус беше само добар морален учител, тогаш зошто го распнаа?

99. “... заклучокот дека Исус не умрел на крстот се покажува дека е во спротивност со модерните медицински знаења.” - Л. Т. Џонсон

100. И Исус и Јахве се нарекувани; совршен, вечен, Создател, сезнаечки, непроменлив, сеприсутен, постои над времето, Суверен, живот, вистина, праведен, Светлина, откупител, младоженец, камен, верен, добар, покажува милост, љубов, судија, познавач на човечкото срце, оној кој воскреснува, Моќен Бог, “Јас Сум”, Алфа и Омега, пастир, спасител, Крал, оној кој простува гревови, Господ. Можеме да се молиме и на Бог и на Исус, еднакви се во постоење, дела, авторитет, и чест, славени од луѓето и од ангелите. И двајцата се наречени Бог.

101. Каде би бил без Исус?